РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-7262
25.05.2021 год.
КОЧАНИ

Друштво за трговија, градежништво и услуги "ИНВЕСТИНГ"
Бр. 03-3711
20.5 2021 год.
УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РАДОВИШ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Корисник на услугата) и**

2. **Друштво за трговија, градежништво и услуги ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Радовиш,** со седиште на ул. Свети Спасо Радовишки бр. 96 Радовиш, со ДБ: 4027001129520 и ЕМБС: 5494389, жиро с-ка 290-2000229007-71 депонент на ТТК банка АД Скопје, застапувано од Управителот Сузана Сусинова (во понатамошниот текст: ***Вршител на услугата*).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Вршење на стручен надзор над инфраструктурни објекти со придружни елементи, повеќенаменски и детски игралишта и реконструкции на објекти**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас бр.05925/2021 од 08.04.2021 год., објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 07.04.2021 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно резултатите од е-аукцијата, вкупната договорена вредност што може да се плати по овој Договор изнесува **198.895,00 ден. без ДДВ, односно 234.696,1 ден. со вклучен ДДВ 18%.**

Вистинската вредност за вршењето на надзорот за секоја позиција од техничката спецификација ќе биде утврдена врз основа на понудениот процент за конкретната позиција од техничката спецификација, утврден во листата на цени-составен дел на овој договор (намален согласно извештајот од е-аукцијата), а во зависност од вредноста на договорот за изведба на објектот за кој се изведува за конкретна позиција од техничката спецификација.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка од 07.04.2021 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Програма ЈД, ставка 482.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето на услугата која е предмет на овој договор, ќе се врши со доставување на фактура, од страна на Вршителот на услугата во архивата на Корисникот на услугата, со прилог - Извештај за стварно извршен надзор, согласно стварно изведените работи од Изведувачот и друга потребна исплатна документација, на износ од понудениот процент на вкупната вредност без вклучен ДДВ 18% што ќе биде утврдувана со ситуации ( времени или завршни ) на стварно

изведените градежни работи, согласно склучените договори за изведување на градежни работи, односно вистинската вредност за плаќање ќе се утврдува согласно вредноста без ДДВ на доставените ситуации /времени или конечна/ за стварно извршени работи од Изведувачот, помножени со процентот утврден во листата на цени составен дел на овој договор( во согласност со резултатите од е-аукцијата), за конкретната позиција од техничката спецификација, за која има склучено Договор за изведување на градежни работи.

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 /шеесет/ дена од приемот на фактурата со придружната документација во архивата на Корисникот на услугата, а ДДВ ќе биде посебно изразен во фактурата.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација , истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

Понудените проценти за вршење на надзор ќе бидат фиксни за целото времетраење на реализацијата на овој Договор.

***Обврски на Вршителот на услугата***

**Член 5**

Вршењето на стручниот надзор над изведувањето на градежните работи дефинирани во техничката спецификација треба да биде според барањата на Корисникот на услугата и постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги.

Во барањето, Корисникот на услугата ќе го прецизира предметот и вредноста на конкретниот предмет на набавка над кој треба да се врши надзор, односно ќе ја прецизира конкретната позиција/ставка од техничката спецификација, и времетраењето на вршењето на надзорот кое ќе биде изедначено со времетраењето на важноста на конкретниот договор за изведување на инвестицијата.

Секоја извршена услуга од страна на Вршителот на услугата, која нема да биде во согласност со барањето на Корисникот на услугата или ќе биде извршена без барање издадено од истиот, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Вршителот на услугата.

Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го врши на следниот начин:

- да определи со решение надзорен инженер вработен кај Вршителот на услугата, со потребното овластување /најмалку овластување Б/ за надзорен инженер. При изградбата на градбата Вршителот на услугата кој врши надзор може да определи повеќе надзорни инженери, при што одредува главен надзорен инженер кој ќе биде одговорен за меѓусебната усогласеност на надзорот над изградбата и за изготвување и доставување на завршниот извештај за извршениот надзор.
- доколку во текот на градбата надзорниот инженер кој го врши надзорот не е во можност да го врши надзорот од оправдани причини, Вршителот на услугата е должен да обезбеди друг надзорен инженер вработен кај понудувачот, кој квалитетно и навремено ќе го врши надзорот над градбата;
- во случај на промени при градбата, да ги доставува сите потребни податоци и промени кои настанале во текот на градбата до проектантот;
- да врши секојдневен надзор / најмалку 3 (три) дена во една седмица /, по 8 часа над градежните работи на објектите и контрола на напредувањето на работите и контрола на квалитетот на материјалите кои се вградуваат, чие присуство ќе биде контролирано од задолжено лице од Договорниот орган, како и во електронска евиденција кај Договорниот орган;
- да го врши надзорот на свој трошок и со свое возило;
- да врши надзор и на објекти оддалечени до 30км во ридско планинскиот дел;
- информирање на Договорниот орган за секој настанат проблем на градилиштето и последиците од него, како и информирање за напредувањето на работата на објектот;

- редовно да ги прегледува, контролира и заверува градежниот дневник и градежната книга;
- да одобрува и потпишува времени или завршни градежни ситуации, кои ги составува Изведувачот;
- надзорот да го извршува редовно, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и Законот за градење;
- да врши проверка над изградбата дали истата е во согласност со основниот проект и одобрението за градење
- да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања
- да го запознае инвеститорот и надлежниот градежен инспектор за утврдените недостатоци или неправилности констатирани во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник
- да изготви завршен извештај за извршениот надзор, за секој објект посебно;
- Вршителот на услугата е должен во име на Договорниот орган да го воведе во работа Изведувачот од Договорот за изведување на работите за конкретна позиција од техничката спецификација за што составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.
- Вршителот на услугата е должен услугите во врска со надзорот - предмет на овој Договор да ги извршува навремено и одговорно според динамичкиот план за изведување на работите предвидени во Договорот за градење, а доставен од Изведувачот, за секоја позиција од техничката спецификација.
- При секоја фаза во текот на градењето на градбата, изведувачот и инвеститорот се должни да му овозможат на надзорниот инженер да изврши проверка, во спротивно надзорниот инженер е должен да го извести надлежниот градежен инспектор да изврши увид на лице место и заедно да ја утврдат состојбата на градење.
- Да изготви писмен Извештај за секоја фаза во текот на градење на градбата за извршена проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектната документација и условите за градење;
- да ги врши сите други работи согласно Законот за градење и другите акти кои ја регулираат оваа проблематика.
- Вршителот на услугата го гарантира квалитетот на извршениот надзор.

***Обврски на Корисникот на услугата***

**Член 6**

При секоја фаза во текот на градењето, Изведувачот и Корисникот на услугата се должни на Вршителот на услугата за стручниот надзор да му овозможат да изврши проверка.
Корисникот на услугата се обврзува да обезбеди:
-инвестиционо техничка документација (основен и изведбен проект итн.)
-договорна документација
-сите други потребни документи и податоци, за несметано извршување на услугите предмет на овој Договор.
Корисникот на услугата се обврзува на барање на Вршителот на услугата да земе учество во решавање на евентуалните несогласувања и проблеми со Изведувачот.

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 8**

Носителот на набавката ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ – договорна казна, ако не ја исполни нсвојата обврска или задоцни со нејзиното исполнување.

Договорната казна се определува во износ од:

- 1 % од вкупната вредност на овој договор доколку носителот на набавката доцни или неуредно ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување и
- 20 % од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна ќе се определи врз основа на ст.2 ал.1 или ал.2 од овој член, а ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што договорниот орган веднаш писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор, носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на договорниот орган настаната поради доцнење односно неуредно извршени услуги или неисполнување на своите обврски.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 8**

Овој Договор е со времетраење на важноста од 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на неговото потпишување.
*[* вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор *]*.

***Виша сила***

**Член 9**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 10**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување , ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните

страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Корупциско или измамничко однесување***

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Договор.

***Завршни одредби***

**Член 12**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 14**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 / шест / еднакви примероци, од кои 2 /два / примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ***за Вршителот на услугата ,*** | ***за Корисникот на услугата,*** |
| ***ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ Радовиш*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***(Сузана Сусинова)*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- листа на цени со намален понуден процент согласно Извештај од е-аукција

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова***
***Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров***

**ЛИСТА НА ЦЕНИ за**
**Вршење на стручен надзор над инфраструктурни објекти со придружни елементи, повеќенаменски и детски игралишта и реконструкции на објекти**

| Реден број | Позиција на работа | вредност на инвестицијата без ДДВ | **Понуден процент % од вредноста на инвестицијата** | **Понудениот процент од вредноста на инвестицијата изразен во МК Денари без ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вршење на стручен надзор на изградба на бетонски потпорни ѕидови. | 5.500.000,00 ден | 0,1791% | 9.850,17 |
| 2 | Вршење на стручен надзор на изградба на тротоари во општина Кочани. | 6.000.000,00 ден | 0,1791% | 10.745,64 |
| 3 | Вршење на стручен надзор на обележување на хоризонтална сигнализација. | 590.000,00 ден. | 0,1791% | 1.056,65 |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба на успорувачи на брзина | 340.000,00 ден. | 0,1791% | 608,92 |
| 5 | Вршење на стручен надзор на изградба на заштитни огради | 500.000,00 ден. | 0,1791% | 895,47 |
| 6 | Вршење на стручен надзор на поставување на урбана опрема | 423.728,00 ден. | 0,1791% | 758,88 |
| 7 | Вршење на стручен надзор на крпење на улици и оштетени асфалтни површини | 2.500.000,00ден. | 0,1791% | 4.477,35 |
| 8 | Вршење на стручен надзор на пробивање, тампонирање и поставување ивичњаци на улици,асфалтирање и реконструкција на улици и изградба на кружни токови во Општина Кочани. | 61.000.000,00 ден. | 0,1791% | 109.247,34 |
| 9 | Вршење на стручен надзор на пробивање,прочистување и порамнување на патишта во ридско планинскиот дел и на оддалеченост до 30км | 1.600.000,00ден. | 0,1791% | 2.865,50 |
| 10 | Вршење на стручен надзор на зимско и редовно прочистување на патен правец до с. Главовица на оддалеченост до 30км од Општина Кочани. | 130.000,00 ден. | 0,1791% | 232,82 |
| 11 | Вршење на стручен надзор на одржување на сливни решетки за атмосферска канализација. | 509.000,00 ден. | 0,1791% | 911,59 |
| 12 | Вршење на стручен надзор на изградба на фекална, атмосферска и водоводна мрежа | 9.000.000,00ден. | 0,1791% | 16.118,46 |
| 13 | Вршење на стручен надзор на изградба на нови и реконструкција на постојни детски игралишта | 3.000.000,00 ден. | 0,1791% | 5.372,82 |
| 14 | Вршење на стручен надзор на бетонирање на пристапни патеки, улици и тротоари | 3.400.000,00ден. | 0,1791% | 6.089,20 |
| 15 | Вршење на стручен надзор на реконструкција на повеќенаменски игралишта | 260.000,00 ден. | 0,1791% | 465,64 |
| 16 | Вршење на стручен надзор на изградба на | 4.200.000,00 ден. | 0,1791% | 7.521,95 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | разделно зеленило | | | |
| 17 | Вршење на стручен надзор на изградба на тротоар према с.Бели | 1.694.915,00 ден. | 0,1791% | 3.035,52 |
| 18 | Вршење на стручен надзор на Реконструкција на Соколана | 300.000,00 ден. | 0,1791% | 537,28 |
| 19 | Вршење на стручен надзор на поставување на еластична одбојна ограда | 338.983,00 ден. | 0,1791% | 607,13 |
| 20 | Вршење на стручен надзор на изведба на велосипедски патеки | 4.500.000,00 ден. | 0,1791% | 8.059,23 |
| 21 | Вршење на стручен надзор на отстранување на објекти | 330.000,00 ден. | 0,1791% | 591,01 |
| 22 | Вршење на стручен надзор на асфалтирање на горна површина на мостови | 140.000,00 ден. | 0,1791% | 250,73 |
| 23 | Вршење на стручен надзор на реконструкција на простории во урбани и месни заедници | 500.000,00 ден. | 0,1791% | 895,47 |
| 24 | Вршење на стручен надзор на изградба на земјоделски патишта | 2.500.000,00 ден. | 0,1791% | 4.477,35 |
| 25 | Вршење на стручен надзор на реконструкција и опремување на просторија за Совет во АСНОМ | 1.000.000,00 ден. | 0,1791% | 1.790,94 |
| 26 | Вршење на стручен надзор на чистење на земјоделски канали | 800.000,00 ден. | 0,1791% | 1.432,75 |
| | ВКУПЕН ИЗНОС во денари: | | | **198.895,00** |

*за Вршителот на услугата ,*
*ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ Радовиш*
*Управител,*

*(Сузана Сусинова)*

*за Корисникот на услугата,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*